Врз основа на член 476 став (8) од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија", број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10,48/10 и 24/11), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ОСИГУРИТЕЛНИ И РЕОСИГУРИТЕЛНИ ДРУШТВА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на годишната сметка за осигурителни и реосигурителни друштва.

## Член 2

Состојбата на средствата, капиталот и обврските се искажуваат на образец „Биланс на состојбата на ден ____ 20__ година".

Образецот од став 1 на овој член е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Приходите, расходите и резултатот од работењето се искажуваат на образец „Биланс на успехот во периодот од ____ до ____ 20__ година".

Образецот од став 3 на овој член е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

При пополнувањето на обрасците од член 2 на овој правилник, друштвото ги внесува податоците за тековната и за претходната година во определените позиции од колоната 2, како и на ознаките на АОП од колоната 3 согласно со Правилникот за контен план за друштвата за осигурување и реосигурување.

Доколку податоците кои се однесуваат на претходната година се корегирани, во колоната за претходна година се внесуваат корегираните податоци.

## Член 4

Во образецот „Биланс на состојбата на ден ____ 20__ година" и образецот „Биланс на успехот во периодот од ____ до ____ 20__ година"во колоната износ-тековна година и претходна година се внесуваат податоците согласно Прегледот на групите сметки и сметките по одделни позиции (АОП) на образецот Биланс на состојба и Прегледот на групите сметки и сметките по одделни позиции (АОП) на образецот Биланс на успех кои се составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на билансните шеми за осигурителни и реосигурителни друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/99 и 34/02).

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 12 – 40374/3
3 јануари 2012 година
Скопје

Министер за финансии
**м-р Зоран Ставрески**, с.р.